# „Подобрување на енергетската ефикасност на 10 јавни згради во Југоисточниот плански регион“

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ЈУГОИСТОЧЕН РЕГИОН




Преку подобрување и обновување на изолацијата на објектите, одржување на енергетските системи во зградите, примена на мерки и технологии за енергетска ефикасност како и менување на навиките за рационална и соодветна енергетска потрошувачка од страна на потрошувачите во објектите, ќе се намалат трошоците за енергија и ќе се овозможи заштита на животната средина.

Во рамките на овој проект ќе се изработи техничка документација за 10 објекти (училишта и градинки) во 10-те општини во Југоисточниот регион. Истата понатаму ќе послужи овие објекти кои се изградени пред 30-тина години да се реконструираат во однос на енергетската ефикасност, а со тоа да се овозможи намалување на загубите на енергија и емисиите на стаклenички гасови и да се создаде удобен простор за престој и работа.

Исто така предвидено е да се одржат и 10 работилници во секоја општина со цел вработените од овие објекти да се запознаат со концептот на енергетска ефикасност и да се претставаат резултатите од проектот.

# Краток опис на проектот:

**Водечки партнер:**

- Центар за развој на Југоисточниот плански регион

**Проектни партнери:**

- 10-те општини од Југоисточниот плански регион (Босилово, Богданци, Валандово, Василево, Гевгелија, Дојран, Конче, Ново Село, Радовиш, Струмица).

**Времетраење:**

6 месеци

**Финансиран од:**

Германско друштво за интернационална соработка (ГИЗ) и Делегација на ЕУ во Р. Македонија

**Цел на проектот:**

Ефикасно користење на енергијата, намалување на загубите од енергија и емисијата на стакленички гасови преку имплементација на мерки за енергетска ефикасност во јавните згради.

.

**Контакт:**

Ристо Чивчиев
Ул. “Боро Џони” Бр.10
2400 Струмица
Моб. 070/238-949
Тел/Факс 034/340-139
E-mail: risto.chivchiev@rdc.mk

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ЈУГОИСТОЧЕН РЕГИОН

германска соработка
DEUTSCHE ZUSAMMENARBEIT

giz Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) GmbH





## Цели на проектот:

Подготовка на техничка документација (основен проект со вклучена ревизија и елаборат за енергетска ефикасност за следниве 10 јавни установи:

- ПУ Долни Липовиќ во с. Долни Липовиќ, о. Конче
- ОУ „Орце Николов“ с. Ињево, о. Радовиш
- СОУ „Богданци“, о. Богданци
- ООУ „Кочо Рацин“, Нов Дојран, о. Дојран
- ОУ „Владо Кантарџиев“, о. Гевгелија
- ЈОУДГ „ Калинка“, о. Валандово
- ООУ „Кирил и Методиј“ с.Иловица, о. Босилово
- ООУ „Мануш Турновски“ с. Ново Село, о. Ново Село
- ПОУ „Гоце Делчев“ с. Седларци, о. Василево
- ЈОУДГ „ Детска Радост “ клон 2,3 и 4, о. Струмица

## Резултати од проектот:

- Подготвени 10 основни проекти со вклучена ревизија;
- Подготвени 10 елаборати за енергетска ефикасност;
- Можност за рекунструкција на 8 основни училишта и 2 градинки;
- Сертификација на 10 енергетско ефикасни објекти.